# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-XII. 2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | XII.2003 | 352,8 | 9,8 | 3.663,2 | 17,8 |
| **Извоз** | XII.2003 | 128,5 | 4,7 | 1.363,3 | 22,2 |
| **Увоз** | XII.2003 | 224,3 | 12,9 | 2.299,9 | 15,3 |
| **Салдо** | XII.2003 | -95,9 | 26,0 | -936,7 | 6,5 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | XII.2003 | 1.770,0 | 2,9 | - | 16,6 |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | XII.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 49,05 | -4,7 | | -16,3 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,29 | 0,0 | | 0,4 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[13]

*Во декември 2003 година, стоковната размена со странство зголемена на месечна основа...*

Во декември 2003 година стоковната размена на Република Македонија со странство, под влијание на сезонски фактори, забележа месечен пораст од 9,8% и изнесуваше 352,8 милиони САД долари. Порастот на размената се должи на зголемувањето на двете нејзини составни компоненти. Имено, извозот се зголеми за 4,7% на месечна основа и изнесуваше 128,5 милиони САД долари, додека увозот за 12,9% и изнесуваше 224,3 милиони САД долари. Поинтензивниот пораст на увозот во однос на извозот детерминираше продлабочување на трговскиот дефицит на месечна основа за 19,8% и изнесуваше 95,9 милиони САД долари. Покриеноста на увозот со извоз во декември изнесуваше 57,3%. Анализата по производи, во декември, укажува на месечно зголемување на извозот[14] на облека и текстил (18,8%); железо, челик и разни валани производи и профили добиени од овие метали (7,8%); извозот на пијалоци, вклучувајќи вино и други алкохолни пијалоци (65,9%), кои заедно учествуваат со 55,9% во вкупниот извоз. Месечниот пораст на увозот главно се должи на повисокиот увоз на облека и текстил за доработка (22,3%), увозот на котли и други погонски машини и мотори (26,3%) и увозот на електромотори и апарати (18,0%).

*...при зголемен извоз и поинтензивен пораст на увозот на стоки*

На годишно споредбено ниво, надворешно-трговска размена во декември 2003 година оствари пораст од 5,2%. Притоа, извозот се зголеми за 21,4%, увозот е понизок за 2,3% и соодветно трговскиот дефицит се намали за 22,5%.

Графикон 28
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




*Кумулативен пораст на надворешно-трговската размена во 2003 година од 17,8%, при поинтензивен пораст на извозот во однос на увозот*

Надворешно-трговската размена во 2003 година оствари кумулативен пораст од 17,8% и изнесуваше 3.663,2 милиони САД долари. Притоа, извозот се зголеми за 22,2% и достигна 1.363,3 милиони САД долари, додека увозот оствари пораст од 15,3% и изнесуваше 2.299,9 милиони САД долари. Порастот на извозот делумно се должи на интензивираната економска активност, но и на ниската споредбена основа од минатата година. Притоа, зголеменото производството на прехранбени производи и пијалоци и на основни метали, како значајни извозно ориентирани индустриски гранки, детерминираше динамизирање на извозот. Од друга страна, во 2003 година увозот на стоки, со исклучок на првите два месеца, во продолжение од годината бележеше континуиран пораст и

[13] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.
[14] Според класификацијата на производи по тарифни броеви.

перманентно го надминуваше минатогодишното просечно месечно ниво (166,3 милиони САД долари). Високата кумулативна стапка на раст на увозот делумно се должи и на слабеењето на американскиот долар, што се одразува на доларскиот износ на увозот. Анализирајќи го извозот по производи, најдинамичен пораст бележи извозот на категориите: облека и текстил (21,7%), железо и челик и нивни производи (57,1%) и минерални горива (за 2,9 пати). На страната на увозот, позначителен пораст остварија увозот на текстил за доработка (25,5%), привремениот увоз на железо и челик за доработка (21,6%) и минерални горива (22,3%). Порастот на увозот на капитални добра (на погонски машини и мотори за 10,8%, на електромотори и апарати за 53,0%) и високото учество на увозот за доработка во вкупниот увоз (19,4%), како индикатор за очекуван зголемен извоз во наредниот период, претставуваат поволни структурни аспекти на увозот во 2003 година. Поинтензивниот пораст на извозот во однос на увозот во 2003 година резултираше со намалување на дефицитот на трговското салдо од 6,5%. Така, трговскиот дефицит на крајот на 2003 година изнесуваше 936,7 милиони САД долари, а покриеноста на увозот со извоз 59,3% (стапката на покриеност во 2002 година изнесуваше 55,9%).

***Зголемување на извозот и увозот во трговската размена со Европската Унија***

Во текот на 2003 година, со Европската Унија (ЕУ), како најзначаен надворешно-трговски партнер во размената на Република Македонија, беа реализирани 54,7% од вкупниот извоз и 43,7% од увозот. Притоа, 20,4% односно 13,2% од вкупниот извоз е остварен во размената со Германија и Грција, соодветно. На страната на увозот, 13,2% од увезените стоки во Република Македонија потекнуваат од Германија, а 13,1% од Грција. Истовремено, извозот на Република Македонија кон ЕУ во 2003 година споредено со минатата година бележи пораст од 30,7%, додека увозот е повисок за 12,4%. Порастот на двете компоненти на размената со ЕУ се должи главно на порастот на извозот кон Германија од 19,0% и извозот кон Грција од 53,8%, додека увозот од Германија и Грција забележаа зголемување од 6,7% и 26,2%, соодветно. Стапката на покриеност на увозот со извоз во размената со ЕУ во 2003 година изнесуваше 74,1%.

Во 2003 година, републиките од поранешна СФРЈ учествуваа со 28,2% во македонскиот извоз и со 18,6% во увозот. Воедно, пласманот кон оваа групација на земји е зголемен за 11,4%, додека увозот бележи пораст од 11,1% споредено со претходната година. Притоа, 20,1% од македонскиот извоз и 9,2% од вкупниот увоз во 2003 година се реализираат во размената со Србија и Црна Гора. Од останатите земји од овој регион позначајна надворешно-трговска соработка Република Македонија остварува со Словенија и Хрватска, чие структурно учество во македонскиот извоз изнесува 1,6% и 4,8%, соодветно, а во вкупниот увоз учествуваат со 6,0% и 2,8%. Анализирајќи ја динамиката на извозот, единствено во размената со Словенија извозот е намален за 1,7%, додека пораст бележи пласманот на македонски производи кон Србија и Црна Гора и Хрватска за 11,1% и 11,9%, соодветно. На страната на увозот, регистриран е пораст од 14,8% кај увозот од Србија и Црна Гора, кај увозот од Словенија за 7,2% и кај увозот од Хрватска за 15,1%. Стапката на покриеност на увозот со извоз во размената со републиките од поранешна СФРЈ изнесуваше 90,2%.

Графикон 29

Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-XII.2003 година




Во размената со земјите од централна и источна Европа и поранешните советски републики се остварува 5,0% од македонскиот извоз и 22,5% од вкупниот увоз. Во 2003 година извозот и увозот од овој регион бележат зголемување од 15,5% и 27,5%, соодветно. Во рамки на оваа интеграција, Русија и Бугарија како позначајни партнери во размената учествуваат со 1,0% и 1,9% во македонскиот извоз и со 7,7% и 6,5% во увозот, соодветно. Во 2003 година споредено со минатата година, пласманот на македонски производи во Бугарија е повисок за 18,6%, при порст на увозот од 16,0%. Во размената со Русија на меѓугодишна споредбена основа извозот е понизок за 4,8%, додека увозот бележи зголемување од 41,9%. Стапката на покриеноста на увозот со извоз во размената со оваа групација на земји во 2003 година изнесува 13,3%.